РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси, односно дали е неспојлива функцијата пратеник во Собранието на РСМ и член на советодавно тело во неформално граѓанско здружение.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ", бр. 12/19), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација **не постои судир на интереси**. Односно, согласно одредбите од истиот закон кои ги пропишуваат забраните за вршење на други дејности кај избраните и именуваните лица, не е предвидена забрана да избран функционер, во случајов пратеник во Собранието на РСМ, да членува во советодавно тело во неформално граѓанско здружение без паричен надомест.

ДКСК укажува на тоа дека во извршувањето на функцијата пратеник треба да се внимава и почитува Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на РМ, посебно член 8-а став 2 од истиот кодекс, со кој пратеникот е обврзан мислењето од ДКСК за постоење/не постоење на судир на интереси да го достави до Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања и до претседателот на Собранието.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk